**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Александар Поповски<br>раководител на Сектор за Европска интеграција<br>aleksandar.popovski@economy.gov.mk / 02 3093467 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Октромври 2010 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

   Непостоење на електронска регистрација на нови трговски друштва и други правни лица во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централен регистар, немање електронско поврзување на ЦРМ со Агенција за вработување и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, потреба од функционален регистар на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговски друштва како и електронско заведување лизинг и залог во заложниот регистар и регистарот за лизинг договори и немање единствен регистар на стечајни постапки во Република Македонија.
   Неусогласен закон со мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.ж

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

   - Имплементација на Проектот Едношалтерски систем фаза 2
   -Закон за измена и дополнување на ЗЕС
   -усогласување на Законот со мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија,

3. Кои се засегнатите страни, кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   - Министерство за економија
   - Централен регистар

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   Отпочната имплементација на електронските решенија за е-регистрација, е-лизинг, е-стечај, е-залог, и електронско пријавување на првите вработени во ЦРМ.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   Нема потреба од дополнителни податоци и информации со оглед дека истите се вклучени во проектните задачи во склоп на проектот Едношалтерски систем фаза 2

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?
   - Иницијална проценка на влијание на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

   - Не

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**

<u>В. Временска рамка</u>

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   - септември 2010 година

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

   -за измените на ЗЕС не се потребни надворешни консултанти, додека за имплементација на електронските решенија во рамките на ЕШС2 истото се финансира од Проектот БЕРИС на Светска Банка.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

   - октомври 2010 година

<u>Г. Ресурси</u>

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог-законот?

   Нема потреба од никакви средства од 2011 година со оглед дека целиот проект е финансиски заокружен во рамките на Светска Банка, БЕРИС Проектот .

- ЦРМ во рамките на постоечкиот кадар ќе ги користи новите електронски решенија.